Оваа година се навршуваат 100 години од раѓањето на големиот син на македонскиот народ, еден од водачите на македонската национална револуција од крајот на минатиот и почетокот на нашиов век — Гоце Делчев.

Во изразувањето на општонародниот спомен на тој македонски великан во програмата на јубиларните свечености во првите пет месеци на Гоцевата — 1972 година во координирана организација на Републичкиот одбор за прослава на 100-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, Институтот за национална историја, Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, Центарот на идеолошко-политичкото образование и студии, Народниот универзитет во Скопје и други бројни организации и институции во СР Македонија, СР Црна Гора, СР Хрватска и СР Словенија, соработниците на Институтот за национална историја, вишите научни соработници д-р Орде Ивановски, д-р Крсте Битовски, д-р Манол Пандевски, д-р Миле Тодоровски и д-р Петар Стојанов и научниот соработник д-р Ѓисто Поплазаров, како и вонредниот професор на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Александар Апостолов, одржаа предавања посветени на животот и делото на Гоце Делчев и националното револуционерно-ослободително движење на кое тој во крајот на XIX и почетокот на XX век му беше предводник.

Д-р Орде Ивановски одржа предавања

— во гимназијата „Орце Николов" и Уметничката академија во Скопје, во основните училишта во с. Кучково и Драчево, Скопско на тема „Гоце Делчев" — живот и дејност"; во Училиштето за фармацеутски техничари во Скопје на тема „Гоце и Тито"; пред саркофагот на Гоце Делчев во црквата Св. Спас во Скопје и пред бистата на Гоце во с. Белимбегово, Скопско, пригоден говор за револуционерната дејност и јуначката смрт на Гоце за слобода на македонскиот народ, на телевизијата во Скопје за „Гоце и почетоците на вооружените сили на ВМРО" и на трибината на Работничкиот универзитет во Берово предавање на тема „Гоце Делчев и македонските социјалисти".

Д-р Крсте Битовски одржа предавања

— пред припадниците на ЈНА во касарната „Гоце Делчев", на трибината на Народниот универзитет, во гимназијата „Браќа Миладиновци" во Драчево, на Гоцевиот гроб и на телевизија Скопје, како и пред трибините на Работничките универзитети во Струмица, Делчево, Кавадарци и Виница на тема „Гоце Делчев во борбата против врховизмот".

Д-р Манол Пандевски одржа предавања

— на свечената академија во Институтот за национална историја, посветена на Гоце Делчев, на тема „Гоце Делчев и неговото време" и во Училиштето на органите за внатрешни работи на тема „100 години од раѓањето на Гоце", на трибината на Работничкиот универзитет во Берово на тема „Гоце Делчев и револуционерното движење во источна Македонија и Малешевијата", во селата Турново и Ново Село, Струмичко, на тема „Гоце

Делчев и револуционерното движење во Струмичко".

Д-р Миле Тодоровски одржа предавања

— на телевизија Скопје на тема „Историската традиција за Гоце во НО Војна", во Средното фискултурно училиште во Скопје на тема „Гоце и неговото време" во рамките на посебно организираниот „Гоцев час", во фабриката за талк „Димче Мирчев" и фабриката за порцулан „Борис Кидрич" во Титов Велес на тема „Гоце и неговото време".

Д-р Петар Стојанов одржа предавања

— на трибината на Народниот универзитет и во Средното економско училиште во Скопје на тема „Национално-ослободителното и револуционерното движење на македонскиот народ од 1893 до 1903 година со осврт на улогата на Гоце Делчев во него" — на трибините на Работничките универзитети во Делчево (2 предавања), Виница и Кавадарци на тема „ВМРО од 1893 до 1903 и Гоце Делчев"; во Керамичката индустрија „Киро Чучук" и за припадниците на ЈНА во касарната „Алексо Демниијевски—Бауман" во Титов Велес на тема „Гоце и неговото време"; пред членовите на новоформираното Друштво на историчари во Тетово на тема „Гоце и неговото време".

На покана на Друштвото на историчарите на СР Црна Гора д-р Петар Стојанов одржа предавање и во Иванград пред учениците и професорите на гимназијата во Никшиќ пред студентите и професорите на Педагошката академија, во Титоград пред учениците и професорите на гимназијата и во Котор пред секцијата на Друштвото на историчарите во Котор. Исто така на покана на Филозофскиот факултет во Задар д-р Стојанов одржа предавање за студентите и професорите на Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Задар. Предавањата во СР Црна Гора и во Задар се одржаа на тема „Гоце Делчев и његово доба".

Д-р Ристо Поплазаров одржа предавања

— на трибината на Народниот универзитет во Скопје на тема „Гоце — организатор на народните маси за вооружено востание"; во гимназијата „Кочо Рацин" во Ѓорче Петров на тема „Гоце и неговото време" во рамките на посебно организираниот „Гоцев час", на телевизија Скопје на тема „Вооружените сили на ТМРО и учеството и значењето на Гоце на Солунскиот конгрес 1896 година", на трибините на Работничките универзитети во Струмица, Делчево (2 предавања), Виница и Кавадарци, на тема „Дејноста на Гоце во организирањето на народните маси за востание во Струмичко, односно Делчевско, Виничко и Тиквешијата."

Проф. д-р Александар Апостолов одржа предавања

— на трибините на Работничките универзитети во Струмица, Кочани, Виница и Кавадарци на тема „Револуционерното движење на македонскиот народ во крајот на XIX век" со посебен осврт на „Виничката афера". На покана на Филозофскиот факултет од Љубљана проф. Апостолов за студентите и професорите по историја на Филозофскиот факултет одржа предавање на тема „Гоце Делчев и његово доба".

На крајот можеме да истакнеме дека неколкуте илјади слушачи пре-

давањата гиислушаа со внимание и жив интерес за дејноста и јуначката смрт на Гоце Делчев. На бројни места на предавачите им беа поставувани и прашања во врска со поедини моменти од животот на Гоце, а некаде се развија и пошироки дискусии во кои учествуваа и современици на Гоце, кои со пиетет и восхит се сеќаваа на големиот народен син. Во Црна Гора, Задар и Љубљана вниманието и интересот беа уште поживи и сите предавања завршуваа обично по 2—3 часа поради поставување и одговори на бројни прашања сврзани со делото на Гоце, револуционерното движење и бројни други моменти од историјата на македонскиот народ воопшто.

П. С.

## „ВЕЛЕС И ВЕЛЕШКО ВО НО ВОЈНА ВО 1941 ГОДИНА"
### Научен симпозиум по повод 30-годишнината на НО востание на македонскиот народ против фашистичките окупатори во Македонија и Југославија

Во рамките на прославата на 30-годишнината на НО Востание на македонскиот народ против бугарските, германските и италијанските окупатори во 1941 година, на 19 и 20 април 1972 година во Титов Велес се одржа научен симпозиум на тема „Велес и Велешко во НО војна во 1941 година".

Целта на симпозиумот беше, преку соопштенија и дискусии на научни работници-историчари и други општествени и јавни работници-познавачи и заинтересирани за проблематиката од историската 1941 година, да се поставaт, анализираат и синтетизираат напластените, недоволно познати настани и сознанија во Велес и Велешко во рамките на почетокот на НО војна и на македонскиот народ против фашистичките окупатори во Македонија и Југославија.

Во остварувањето на основната цел на симпозиумот, а со намера да се осветлат нови, досега непознати настани од 1941 година, како и да се доосветлат поодделни моменти од НОВ во Велес и Велешко на овој научен собир учествуваа и современици — актери во настаните. Во своите дискусии врз научните соопштенија и во искажувањата на своите спомени, тие всушност, направија и една продлабочена реконструкција на бројни проблеми и детали од промените, појавите и настаните во Велес и Велешко како во 1941 така и во годините, односно настаните што ѝ претходеа.

На симпозиумот свои соопштенија поднесоа:

Проф. д-р Данчо Зографски на тема „Македонија и Велешкиот крај пред вооруженото востание во 1941 година", проф. д-р Јаким Синадиновски на тема „Велес и Велешко помеѓу двете светски војни", д-р Иван Катарџиев на тема „Политичките борби во Велес и нивната класна и национална определеност во последните години на стара Југославија", Боро Мокров на тема „Велес и Велешко спроти Втората светска војна", Никола Кирков и Јордан Леов на тема „Велешката партиска организација во 1941 го-